# В О В Е Д

Оваа книга е продолжение и надополнување на досега објавените книги за Лешок, а посебно на книгата: Лица од Лешок, која ја издадов 2025 година.
Во оваа книга **централно место им посветив на 62 родови од Лешок** и лицата во овие родови, додека во книгата: Лица од Лешок од 2025 година, **централно место посветив на Биографии на лица** од Лешок, при што напишав биографии за 167 лица, кои во најголем број припаѓаат на 62-та родови од Лешок.
Значи, во текстот за родот не внесувам многу податоци за лицата од соодветниот род, бидејќи веќе имам запишано **биографии** во книгите: Лица од Лешок, Речник на зборови говорени во Лешок, Генерација ученици во училишта и Гимназија, Генерација ученици од Лешок, Лешок од Македонија во фотографии и во другите книги. ( Р. бр. 25, 18, 19, 15, 14 и 12 и др. ).
Во првиот **ОПШТ ДЕЛ** од оваа книга се задржувам на основни податоци за моето родно село Лешок (име, местоположба, топоними, куќи, ниви, цркви, гробови, родови, фамилии, слави и др.), потоа отворив поглавие под **А. ИМИЊА НА РОДОВИ** ВО ЛЕШОК, во кое се задржав на имињата на 62-та родови во Лешок по Азбучен ред и отворив поглавие под **Б. ИМИЊА НА ЛИЦА** ОД РОДОВИТЕ ОД ЛЕШОК, во кое биографските и други податоци за лицата, ги класифицирав по неколку основи. (имиња на претци, прекари, свештеноучители, образование и кои пишуваат книги, лица во војните, жени-мајки, професии, биографии и др.)
Во книгава внесов основни податоци за родот и лицата од секој од 62 -та родови, а на крајот од текстот за секој род, внесувам портрети за лицата, за кои обезбедив фотографии.
Во книгава 62-та родови од Лешок ги наредив по АЗБУЧЕН ред, кои постоеја во моето детство, а секако користејќи ја мојата меморија и знаење, објавените книги, а податоци за промените (раѓање, умирање, мажење, место на живеење, отселување и др.) добивав лично од лица од родовите. Многу податоци добив од информаторите, кои ми даваа податоци, а многу податоци најдов и на спомениците на гробовите во Булино и Долно маало во Лешок, Манастирот и др. и сите податоци за лицата ги внесов во над **50** скици, табели и списоци.
Благодарение на современите комуникативни средства: Вибер, Месинџер и сл. брзо добивав податоци и фотографии од целиот свет, за што им благодариме и на новите генерации.
Сакам да нагласам дека одредени податоци и фотографии ги добив и преку ФБ, порталот, а еден мал број фотографии, без да Ве консултирам, ги превземав од ФБ, сметајќи дека се јавно објавени и јавно достапни за секого. За лицата од Лешок, кои не сакаат да внесам нивна фотографија, дадов две објави во месец мај 2026 година и само едно лице ме извести дека иако објавил слики на ФБ, не сака да внесам негови слики во книгава.
Во книгава споменувам преку **3000** лица од родовите од Лешок или лица од други места, кои се поврзани роднински со одредени лица и со родовите од Лешок.
Во книгава внесов над **274** фотографии, од кои **150** јас ги сликав, бидејќи сметам дека покрај текстуалните објаснувања, значајни се и фотографиите, кои даваат визуелно објаснување за лицата на сликите и времето во кои се случиле. Како што ликовите на светците на фреските и иконите го даваат визуелно портретот на ликот, така и Јас, од секоја фотографија изготвив портрети на лица од разни генерации од родовите и ги внесов во табели и под секој портрет го запишав само неговото име, без презиме, а за починатите внесов крст (+).
Во книгава направив и внесов над **821** портрети на лица од **62- та** родови од Лешок и од другите родови и новодоселени семејства.
Со оглед дека лицата од родовите од Лешок и лицата кои се поврзани по некоја основа со Лешок, во книгава ги обработувам и групирам по повеќе основи во повеќе поглавија ( образование, прекари, свештенство, војска, жени, професии, биографии и др.) за истите внесов над **624** портрети во Табелите и поглавијата, што значи во книгава има внесени вкупно **1445** портрети на лица. Голем број портрети се повторуваат и по два-три пати,

бидејќи се сретнуваат во повеќе основи. Во книгава внесов и над **77** портрети-ликови на светци или вкупно книгава содржи над **1522** портрети на лица и на светци.
Досега, Јас и Илија Петрушевски имаме напишано неколку книги за Лешок, во кои ги обработуваме лицата и родовите од Лешок, а со оглед дека секојдневна е промената во родовите ( мажење, женење, раѓање, умирање, селење и сл. ) и логично се наметна потребата да се напише нова книга со изменети податоци за родовите во Лешок, посебно за лицата од новите генерации, односно за нашите деца, внуци и правнуци.
Напоменувам дека одлучив да ги запишувам податоците за родовите односно за лицата во родовите, за кои, Јас, знам и се сеќавам и секако дека ги надополнив со многу нови податоци и измени, кои настанаа последните 25 години. Секако дека користев и многу ми помогнаа двете книги (Лешек и Лешок) од Илија Петрушевски, но, за подалечното минато на родовите малку се задржувам во оваа книга, туку оставам, потомците од секој род да истражуваат и да ги доуточнат податоците за нивниот род, бидејќи, наидов на доста пропусти и грешки во книгите, за кое ми укажаа повеќе лица, за што конкретно запишувам во текстот за соодветниот род. Имено, неколку лица ми рекоа дека не припаѓаат во запишаниот род, како што се напишано во споменатите книги, туку, дека се од друг род или родот е под друго име, како: Сибиноој, Шукооj, Костадиноој, Здравеej, Петреej, Кашамеej, Пашини, Кузманоој, Дабоќеej, Шутомироој, Чајкооj, и др. и за овие случаи запишав во текстот на секој род.
За да се разбере поубаво оваа книга потребно е читателот да ги погледне сите 20 мои книги (14 хартиени и 6 електронски), од кои во 5 книги сум коавтор, во кои напишав неколку илјади страници и внесов неколку илјади фотографии и спомнав над 5000 лица, а секако ќе треба да се прочитаат и книгите на другите автори, кои пишуваат за Лешок.
Оваа книга секако дека има одредени пропусти, грешки, недоречености за родовите во Лешок и може уште многу да се допишува и дополнува, бидејќи, животот постојано тече и се менува, така е и со нашите родови, постојано се јавуваат нови лица и нови генерации.
Почитувани, јас, за родовите и за лицата во Лешок, толку запишав, можев и повеќе, можев и помалку, а можеше и воопшто и да не ја напишам оваа книга. Но, ете, Господ и Мајка Богородица ми дадоа љубов, волја и сила и еве ја напишав книгава.
Се надевам дека оваа книга и другите книги за Лешок, ќе Ве поттикнат и Вие да трагате и да запишувате за Вашето семејство, а оваа книга нека Ви биде како отскочна даска за длабинско истражување и запишување во текст или книга за Вашето семејство и Вашиот род.
Во оваа книга, и во другите мои книги од групните фотографии направив портрети на лицата, бидејќи сметав дека на тој начин личноста појасно ќе се оцрта, окарактеризира и погледне и препознае и ќе биде дополнување кон текстот за лицето и за неговиот род.
Во минатото и се до денес, 2026 година, родовското стебло се пренесува само по машка линија и со пренесување - наследување на домашната слава односно славење на заштитникот на родот и домот-куќата и со пренесување во наследство и на имотот на родителите, само на машките наследници, освен во случаи кога родителите немаат наследници или имаат само женски наследници или умираат наследниците и др. Пренесување на родот по машка линија го проповеда православната црква, а кое е задржано и во свеста и однесувањето и на луѓето.
Во книгава ги обработувам имињата на родовите во Лешок, само по машка линија, но, напоменувам дека денес, 2026 год, работите се изменија, а се измени и ова традиционално пренесување на наследството, не само по машка линија, туку и по женска линија.
Со цел за дообјаснување во оваа книга и во сите мои книги, ги внесувам и запишувам во родовите и машките и женските потомци и наследници, а внесувам и портрети и на повеќе женски потомци за подобро објаснување и разбирање на генеалогијата на родовите.
Денес, е 23 февруари, 2026 год. се слави празникот Св. Харалампие, а Јас сум во Скопје и го пишувам воведот од книгава. Денес, иако не сум во Лешок, Јас, сепак сум во Лешок со моите мисли, спомени, секако со пишувањето на оваа книга. Се присетив дека во 19 век на Костоо

имало црква Св. Харалампие, која е разурната, а дека во моето детство имаше гробишта каде се закопувале претците од родот Лалошооj и другите родови од Старо маало во Лешок.
Јас, имам голема желба и би сакал да доживеам да изградиме мала црква - параклис Св. Харалампие на Костоо, за што ја посветувам и оваа книга.
Сите приходи од продажбата на оваа книга: Родовите од Лешок, ќе ги вложам на жиро сметката за изградба на црквата Св. Харалампие на Костоо, која треба да се отвори во банка.
Во таа смисла им предлагам, оваа 2026 година, Црковниот одбор на Лешок, да отвори посебна жиро сметка за изградба на црквата Св. Харалампие на Костоо, и да почнеме ние верниците од Лешок, со потекло од Лешок и пријателите на Лешок, кои се многубројни, да донираме парични и други средства, за да ја изградиме црквата.
Исто така, имам голема желба и би сакал да доживеам и што побрзо надлежните органи на Македонската држава, како и ние верниците да помогнеме, да се обнови и црквата Св. Атанасие -Стар манастир од 13 век со ќелии за монаси и во иднина Лешочкиот манастир да има повторно монаси, како што имало во минатите векови и за што ја посветувам оваа книга.
И во оваа книга им се заблагодарувам на Клиниката и тимот на др. Жан Митрев, што ми овозможија да ја напишам и оваа 21-ва книга.
Секое лице и секој род од Лешок имаат посебни приказни, а во оваа книга внесов **над 821** портрети, при што за секое лице животната приказна ја знае само Господ.
Животот е вечно тркало и после нашите животни приказни, ќе дојдат нови животни приказни на нашите деца, внуци, правнуци, пра правнучиња и т. н. Така, во книгава запишав и објавив портрети на лица и од Генерацијата од 21 -от век, кои се наши внуци и правнуци, а објавив и фотографии од нови модерни куќи и деловни објекти, изградени во првите дакади од 21-от век во Лешок, кои ни најавуват дека доаѓа нов начин на живеење и работење, во кој ќе се изгубат старите традиционални начини на вреднувања и однесувања.
Во книгава, како и во сите мои книги, на секоја страница ги внесувам сонцето и крстот, кои се вековни симболи на Мојата фамилија и род Спирооj и род Лалошооj од Лешок, а истите се вековни симболи и на македонскиот народ. Види, (Р. бр. 22, стр. 650-657 во ТОМ-2).
Оваа книга го носи датумот **28 Август 2026 година**, празникот **Голема Богородица** односно името на Св. Марија, заштитничка и домашна слава Пречиста на родот Лалошооj.
Голема благодарност на стотици лица родени во Лешок и нивните потомци, кои ми дадоа морална подршка и многу податоци, информации, сугестии, текстови, фотографии и др.
Посебно им се заблагодарувам во име на Лешок на Лешаните: Илија Петрушевски од родот Ќапункооj, Младен Мисајловски од Дабоќеej, Аце (Атанас) Стојановски од Џарлооj, Мирко Божиновски од Коачооj и Велика Божиновска м. Петковска од родот Станчееj, девојка од Праникооj, кои ми дадоа неисцрпни податоци и информации, со што придонесоа книгава да биде поавтентична и посодржајна.
Здравје, планирам да припремам и електронска верзија на оваа книга во ПДФ формат, во која ќе внесам како додаток стотици групни фотографии од разни средби на Лешанате и од фамилијарни фотографии на лицата од Лешок во која фотографиите и портретите ќе бидат со повисока резолуција да може да ги користат Лешаните, а секако и надлежни институции во нивните идни генеалошки, антрополошки и други истражувања.
Почитувани, оваа книга и сите мои книги, може да ги најдете во Библиотеката Кочо Рацин, Тетово, Универзитетската библиотека Свети Климент Охридски, Скопје, во Библиотеката на Духовниот центар Кирил Пејчиновиќ во Лешочкиот манастир и на мојата Веб страница и книгите може да ги превземете без надоместок во целост или по одделни поглавија: **http://spiroski.com.mk/**

Лешок, 28 Август 2026, Богородица Митко Поп Спироски - Лешочки